Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 31, 16 ноември 2009 година

ноември 2009 година
Штип

# С О Д Р Ж И Н А

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во наставно звања - предавач (специјалист) за наставна област анестезиологија на Високата здравствена школа - Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 4

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во наставно звања - предавач (специјалист) за наставна област оториноларингологија - Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........14

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент (специјалист) за наставна област интерна медицина на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........18

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент (специјалист) за наставна област урологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........46

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент (специјалист) за научна област епидемиологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........50

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент (специјалист) за наставно-научно подрачје инфектологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........54

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент (специјалист) за наставно-научно подрачје трансфузиологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........66

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник-предавач (специјалист) за наставна област дерматовенерологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........82

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент (специјалист) за научна област хирургија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........89

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во наставно звања - предавач (специјалист) за наставна област протетика на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........99

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент (специјалист) за научна област ортопедски болести на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........105

**РЕФЕРАТ** за избор во наставно звање асистент (специјалист) за наставно подрачје радиологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 112

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во наставно звања - предавач (специјалист) за наставна област офтамологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 120

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за научно подрачје фармација на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 129

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент (специјалист) за научна област микробиологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 134

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во наставно звање - предавач во наставно подрачје стоматологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 148

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент (специјалист) за научна област патологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 151

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звања доцент во наставно-научна област микроекономија на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 153

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент (специјалист) за научна област педијатрија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 164

**РЕФЕРАТ** по основ на објавен оглас за избор на двајца соработници за наставно-научна област архитектура, урбанизам и планирање ..... 173

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент на предметот Јавно здраство и здраствена заштита на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 177

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот-скрипта „Основи на сточарското производство“ од Ацо Кузелов, доцент на Земјоделски Факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 182

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот-скрипта „Анатомија со физиологија на домашните животни“ од Ацо Кузелов, доцент на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 184

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Борис Крстев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА ПОМЛАД АСИСТЕНТ/АСИСТЕНТ ЗА НАУЧНО ПОДРАЧЈЕ ФАРМАЦИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП**

Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип на својата 12. редовна седница, одржана на 1.7.2009 година, донесе Одлука (2502-67/9) за распишување Конкурс за еден **помлад асистент/асистент** за наставно-научното подрачје **фармација**.

На 13.8.2009 година, на 13. седница Наставно-научниот совет донесе Одлука број 2502-72/3 и Решение број 2502-72/16, 2502-72/17 и 2502-72/18 за формирање на Рецензентска комисија за избор на помлад асистент/асистент за наставното подрачје фармација на Факултетот за медицински науки во состав:

1. проф. д-р Биљана Ѓорѓеска, претседател;
2. проф. д-р Ѓорѓи Шуманов, член;
3. доц. д-р Зора Узуноска, член**.**

По разгледувањето на поднесената документација, Рецензентската комисија на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" му го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

На распишаниот Конкурс на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип за избор на еден 1 извршител, објавен во дневниот весник „Дневник" на 4.7.2009 година, за научното подрачје фармација се пријавија следниве кандидати:
1. **Цветковски Александар,** магистер по фармацевтски науки;
2. **Силвија Савеска,**специјалист по испитување и контрола на лекови;
3. **Зоран Наков**, дипломиран фармацевт;
4. **Петровска Љубица**, магистер по фармација;
5. **Штерјова Марија**, магистер по фармација;
6. **Весна Милева**, магистер по фармација;
7. **Ана Трца Зикова,** дипломиран фармацевт;
8. **Елизабета Јосифовска**, дипломиран фармацевт.

Критериумите за избор во помлад асистент/асистент, наведени во Конкурсот, беа следниве: „кандидатот треба да има завршено постдипломски студии од научната област за која се врши изборот, како и да ги исполнува останатите услови наведени во чл. 129/130 од Законот за високото образование и Правилникот за единствените критеруми и постапка за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот 'Гоце Делчев' во Штип".

Потребните документи за кандидатура за избор, наведени во Конкурсот, беа следниве:
- пријава;
- диплома за одбранет магистерски труд;
- кратка биографија;
- потврда дека се служи со еден од светските јазици;
- список на објавени научни и стручни трудови;
- уверение за државјанство.

**Преглед на приложените документи на пријавените кандидати:**

| Кандидат | Пријава | Диплома за одбранет магистерски труд | Потврда за странски јазик | Кратка биографија | Список на трудови | Уверение за државјанство |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Цветковски Александар | има | има | има | има | има | има |
| Силвија Савеска | има | нема | има | има | има | има |
| Зоран Наков | има | нема | има | има | нема | има |
| Петровска Љубица | има | нема | има | има | нема | има |
| Штерјова Марија | има | нема | има | има | нема | има |
| Весна Милева | има | нема | има | има | нема | има |
| Ана Трца Зикова | има | нема | има | има | нема | има |
| Елизабета Јосифовска | има | нема | има | има | нема | има |

Од пријавените кандидати само кандидатот м-р Цветковски Александар ги задоволува критерумите за избор во помлад асистент/асистент наведени во Конкурсот, односно има завршено постдипломски студии од научната област за која се врши изборот.

***Биографски податоци***

Кандидатот **Цветковски Александар** е роден на 13 мај 1971 година во Куманово. Додипломските студии по фармација ги завршува на Фармацевтскиот факултет во Скопје, во периодот 1990-1995 г. Во учебната 1997/98 се запишува на постдипломски студии на Фармацевтскиот факултет во Белград, а на 9.7.2002 год. се стекнува со академско звање магистер по фармацевтски науки, со одбрана на магистерска теза со наслов *„Предформулациски испитувања на псеудо-полиморфизмот на карбамазепин и блијанието на бета-циклодекстрин врз фазната трансформација"*. Магистерската теза од обласа на фармацевтската технологија изработена преку експериментална работа спроведена во Лабораторија за карактеризација на лекови при Институтот за лекови во состав на Факултетот за фармација при Универзитетот во Парма - Италија, како соработка на Универзитет во Белград – Србија со Универзитет во Парма - Италија во периодот од септември 2000 до мај 2001 година.

Од останатите квалификации има познавање за работа со компјутери и атвино познавање и користење на англиски јазик (***TOEFL test passed***), а од останатите странски јазици разбира, говори и пишува на италијански и германски и разбира руски јазик.

**Професионална активност**

Во периодот од март 1996 до јануари 1999 година работи во Научниот институт при Секторот за стратешки развој, ОХИС АД, Скопје, Македонија, како соработник за квалитет во фармацевтско прозиводство/ имплементација на GMP (нормите за добра производна пракса во фармацевтска индустрија)

Во периодот од јануари 1999 до март 2003 година работи во ICN Macedonia, здружена инвестиција помеѓу ОХИС-Скопје и ICN Pharmaceuticals/ Галеника-Белград како раководител на производство во ИЦН Македонија-производен погон за лекови во состав ан ОХИС-Скопје.

Во периодот од март 2003 до ноември 2005 година работи во ЈАКА 80, АД како координатор за развој и производство.

Во периодот од декември 2005 до декември 2007 година работи во Агенцијата за промоција ан инвестиции, основана од владите на земјите во Арапискиот Залив (Катар, Арапски Емирати, Саудиска Арабија, Кувајт, Оман, и Бахраин) како раководител на Програмата за трансфер на технологии и член на Национален совет за изработка на патокази за развој на индустрии базирани на современи технологии (нанотехнологии) како експерт/ консултант за фармацевтски, биомедицински и сектори поврзани со заштита на животната средина и природните науки.

Од јануари 2008 година до денес како основач на BIO-Almak Consulting работи на развој на нови фармацевтски, козметички производи и диететска храна и клинички испитувања како надворешен партнер и соработник на повеќе компании.

**Научна и стучна активност**

Кандидатот приложи список на трудови кој се состои од 13 труда од областа на фармацевтската технологија (1-7) и управување со квалитет и знаења во фармацевтскиот сектор (8-13) и тоа:

1. **Cvetkovski A**., Bettini R., Tasić Lj., Stupar M., Casini I., Rossi A., Giordano F., Thermal Properties of Binary Mixtures of β-cyclodextrin with Carbamazepine polymorphs, J. Therm. Anal. Cal. Vol. 68 (2002), 669-678 (публикација во интернационален часопис)
2. **Aleksandar Cvetkovski** , Ljiljana Tasic, Ruggero Bettini and Fernando Giordano, Influence of b Cyclodextrin on the crystallinity and dissolution rate of carbamazepine polymorphs (5th Central European Symposium on Pharmaceutical Technology and Biotechnology, organized by EUFEPS-European Federation for Pharmaceutical Sciences and Controlled Release Society) September 25-27, 2003, Faculty of Pharmacy, Ljubljana, Slovenia (публикација во зборник)
3. **Aleksandar Cvetkovski** Preformulation Study of Pseudopolimorph form of Carbamazein and Influence of beta-Cyclodextrin on Phase Transition, Master of Science Thesis, Defended at the Faculty of Pharmacy, University in Belgrade, Serbia, 200 (магистерска теза)
4. **Cvetkovski A**., Tasić Lj., Stupar M., Plenary Lecture "Approach for Selection of Methods for Characterization of the Pharmaceutical Solids", published in Archive for Pharmacy (Proceeding Book), no.4, pp. 536, Third Yugoslav Congress of Pharmacy with international participation, Belgrade, Yugoslavia, 29$^{th}$ October-2$^{nd}$ November, 2002 (апстракт за усна презентација)
5. Lj.Tasic, **A.Cvetkovski**, J.Milic, Title: **Preformulation studies of solid dosage forms: Choice and selection of methods for polymorphic drug** (XIV Hungarian Conference on Pharmaceutical Technology, 8/10 November,2002, Heiviz (Hungary).
6. **Cvetkovski A**; Influence of Binder Solution in Wet Granulation Process on Properties of Propranolol Tablets, Proceeding Book of the 16th Congress of Chemists and Technologists of Macedonia (with international participation), Volume 1, Faculty of Technology and Metallurgy, Skopje, 28-30 October, 1999, 311-313 (публикација во Книга на трудови од 16.конгрес на хемичарите и технолозите на Македонија)
7. Lj. Tasic, Lj. Milic, **A. Cvetkovski**, Authors of the book entitled: "Challenge of Preformulation and Formulation Studies in Pharmaceutical Industry" (во печат)
8. **A. Cvetkovski**, V. Zah, Pharmacoeoconomics & Outcomes Research Perspectives in Health Care Sector, Fourth Congress of Pharmacy of Macedonia with International Participation, 26-30 September, Ohrid, 2006.(апстракт за усна презентација)
9. A. Cvetkovski, Technology Transfer through Spin-off Companies: From Academic Research to Commercialization. Invited speaker at the Seminar for Continuing Education and Post-graduated studies for pharmacists. In organization of Pharmaceutical Center for Continuing Education and Faculty of Pharmacy, Belgrade, May, 2007
10. Tasic Lj., **Cvetkovski A**., Marinkovic V., KNOWLEDGE MANAGEMENT AS A TOOL IN PHARMA BUISINESS, *Proceeding Book of 4th International Working Conference TOTAL QUALITY MANAGEMENT – ADVANCED AND INTELLIGENT APPROACHES*, May 27$^{th}$ – 30$^{th}$ 2007, Belgrade SERBIA

11. A. Cvetkovski, "Technology Transfer in Knowledge Based Industries, Pharmaceutical Sector as an Example", invited speaker, 2nd Technology Transfer Conference & Exhibition, Bahrain, December, 2006 (презентација на технолошки процес) Total Quality Management-ICN Pharmaceuticals' Training Seminar, Belgrade, 1997
12. Cvetkovski A; "GMP-Preconditions for Quality in Pharmaceutical industry", Oral Presentation, TQM (Total Quality Management) Symposium, organized by Macedonian Quality Association and Macedonian Trade Chamber, Macedonia 1997 (учество на Европската недела за квалитет во организација на Стопанската комора на Македонија)

За трудовите наведени под: 5, 7, 9, 10 и 11 кандидатот не приложил доказ.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Од пријавените кандидати само кандидатот м-р Цветковски Александар ги задоволува критерумите за избор во помлад асистент/асистент наведени во Конкурсот, односно има завршено постдипломски студии од научната област фармација за која се врши изборот.

Од целокупната активност на м-р Цветковски Александар произлегува заклучокот дека се работи за личност која има повеќегодишно искуство и постигнати резултати во работата во фармацевтската индустрија, во областа фармацевтска технологија и управување со квалитет и знаења во фармацевтскиот сектор.

Како соработник и раководител на производство на фармацевтски производи учествувал и се стекнал со практични вештини во развојот на формулации за лековити дозирани форми, развојот на технолошки постапки за нивно производство и аналитички методологии за испитување и контрола, како и во предформулациски испитувања за карактеризација на системите за испорака на лекови и фармацевтски суровини.

Како координатор за развој на нови производи се занимавал со воведување на развојни производи во редовно индустриско производство (трансфер на технологии, производи и процеси) и унапредување на индустриското производство на лекови, козметички препарати и диететска храна.

М-р Цветковски Александар има и меѓународно искуство во стручната работа како експерт/консултант за фармацевтски, биомедицински и сектори поврзани со заштита на животната средина и природните науки во Агенцијата за промоција на инвестиции, основана од владите на земјите во Арапскиот Залив (Катар, Арапски Емирати, Саудиска Арабија, Кувајт, Оман, и Бахраин), каде што раководел на Програмата за трансфер на технологии и бил член на Национален совет за изработка на патокази за развој на индустрии базирани на современи технологии (нанотехнологии). Како основач на BIO-Almak Consulting работи како надворешен партнер и соработник на повеќе странски и домашни компании.

М-р Цветковски Александар има повеќе публикации: во интернационално списание, зборник и книга на трудови, учествува на повеќе конгреси, конференции и семинари во земјава и во странство и е предавач на покана за програмата за континуирана едукација на Факултетот за фармација, Белград, Србија.

Поради сè што досега беше кажано, му предлагаме на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип **да го избере м-р Цветковски Александар во звањето асистент по група предмети од обласlarge фармацевтска технологија.**

**Рецензентска комисија**

**Проф. д-р Биљана Ѓорѓеска- претседател, с.р.**
**Проф. д-р Ѓорѓи Шуманов, с.р.- член, с.р.**
**Доц. д-р Зора Узуноска, с.р.**

**ПРИЛОГ 1**

**Табела за вреднување на активностите на м-р Цветковски Александар**

| Вид на активност | Број | Поени | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Наставно-образовна** | | | |
| 1. Интерна скрипта за вежби | | | |
| **Научноистражувачка** | | | |
| 1. Прегледен труд објавен во научно списание опфатено со СЦИ | | | |
| 2. Труд со оригинални научни резултати објавени во научно списание опфатено во СЦИ | 1 | 9 | 9 |
| 3. Труд со оригинални научни резултати објавени во научно списание опфатено во ЦА | | | |
| 4. Труд со оригинални научни резултати објавени во зборник на трудови на научен собир во Македонија | 1 | 1 | 1 |
| 5. Секциско предавање на научен собир во странство | 1 | 4 | 4 |
| 6. Одржано предавање по покана на научна институција во странство | 2 | 3 | 6 |
| 7. Учество на научен собир со реферат-усно предавање во Македонија | 1 | 1,5 | 1,5 |
| 8. Учество на научен собир со реферат-усно предавање во странство | 2 | 2 | 4 |
| 9. Учество на научен собир со реферат-постер во Македонија | 2 | 1 | 2 |
| 10. Учество на научен собир со реферат-постер во странство | 2 | 1,5 | 3 |
| 11. Одбранета докторска теза | | | |
| 12. Одбранета магистерска теза | 1 | 4 | 4 |
| 13. Учесник во научен проект (максимум три проекти) | 2 | 3 | 6 |
| 14. Член на уредувачки одбор на научно списание-ЦА | | | |
| 15. Член на научен одбор на научен собир во Македонија | | | |
| 16. Награди-признанија за научни постигнувања | | | |
| 17. Студиски престој во странство | | | |
| 18. Рецензент на научни трудови во СЦИ | | | |
| 19. Рецензент на научни трудови во ЦА | | | |
| | | | |
| **Стручно-апликативна и организациско-развојна** | | | |
| 1. Книга во странство | 1 | 15 | 15 |
| 2. Поглавје од книга во странство | | | |
| 3. Речник во странство | | | |
| **Вкупно** | | | **55,5** |